View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

# „EMILINA'S ABC BOOK" – EARLIEST CHILDHOOD LITERACY SUPPORTED BY EMOTIONAL INTELLIGENCE DEVELOPMENT

**Prof. Violeta Dimova, PhD**
**Faculty of Philology – UGD - Stip, R. Macedonia** violeta.dimova@ugd.edu.mk
**Assist. Professor Marija Emilija Kukubajska, PhD**
**Faculty of Philology – UGD - Stip, R. Macedonia** marija.kukubajska@ugd.edu.mk

**Summary:** The idea of Dr. Maria Emilija Kukubajska to write "Emilina's ABC Book" exceeds the basic goal with its didactic purpose – childhood literacy at age 3-6. This book introduces an innovative and fresh approach to the youngest population that she considers already capable enough for literacy acquisition and personality cultivation. What is particularly important about this book is that Dr. Kukubajska invests a new kind of emotional intelligence in the interaction between parents as teachers, or preschool teachers and children. This mutual relatedness is of utmost importance for successful overcoming of the first problems in building skills, abilities and knowledge applied in creating the first letters by turning "lines" and "circles" into alphabetical signs. "Emilina's ABC Book" helps children not only to practice their hands, but also practice thinking and self-awareness, knowledge and attitude towards others, responsiveness to the connection between sound and image, i.e. between phoneme and letter. This ABC book facilitates a synchronized development of the emotional intelligence within the earliest literacy process, which improves children's capacities for cognitive development and advancement of quality and speed needed in the acquisition of learning and coping with future programs in the educational systems.
**Key words:** emotional intelligence, self-awareness, cognition, educational system, *Emilina's ABC Book.*

# „БУКВАРЧЕТО НА ЕМИЛИНА" – НАЈРАНО ОПИСМЕНУВАЊЕ КАЈ ДЕЦАТА ПРЕКУ РАЗВОЈ НА ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

**Проф. д-р Виолета Димова**
**Филолошки факултет – УГД - Штип, Република Македонија** violeta.dimova@ugd.edu.mk
**Доц. д-р Марија Емилија Кукубајска**
**Филолошки факултет – УГД - Штип, Република Македонија** marija.kukubajska@ugd.edu.mk

**Резиме:** Идејата на д-р Марија Емилија Кукубајска да ја напише книгата *Букварчето на Емилина*, со својата дидактичка намена ја надминува основната цел – описменување на децата од 3-6 годишна возраст и е нешто што внесува иновативна свежина во дидактичкиот пристап кон децата од најмала возраст. Но она што е особено важно за оваа книга е тоа дека д-р Кукубајска внесува една нова емоционалнаи нтелигенција во односот на родителите/учителите кон децата и заемна интеракција, што е од најголемо значење за успешно совладување на првите препреки при совладувањето на вештината на претворањето на „цртичките" и „реските" во букви. „Букварчето на Емилина" им помага на децата, не само да ги вежбаат рачињата, туку и да го вежбаат мислењето и самоосознавањето, сознанието и односот кон другите, свеста за поврзаноста на звукот и сликата, односно за фонемата и за буквата. Со помош на ова Букварче, емоционалната интелигенција ќе се гради синхронизирано со процесот на најраното описменување (од 3 – 6 години), со што се издигнува капацитет на спознавање на детето и унапредување на квалитетот и брзината на совладување на идните програми во образовниот систем.

**Клучни зборови:** емоционална интелигенција, самоосознавање, спознавање, образовен систем, *Букварчето на Емилина*

**Вовед (Увод, Introduction)**

Она што го карактеризира човекот и што го одделува од другите суштества на Земјата е неговата потреба за оставање трага, освен за физичкото и за своето духовно постоење. Желбата, инстиктивната потреба за убавото, за танцот, музиката, ликовното изразување му се својствени само на човекот. Денеска, кога живееме во ерата на компјутеризацијата и кога децата треба или мора да бидат компјутерски писмени, и по илјадници години поминати од рачното изведување на првите писмени форми и пиктограми во *детството на човековата цивилизација*, опстанува и останува човековото бележење на идеи со помош на знаците, буквите и азбучните системи. На педагозите и психолозите, како и на сите нас, повеќе од јасно ни е дека интеракцијата меѓу раката на детето, која треба да се оспособи за посложени моторички активности и умот е нешто што е незаменливо и неопходно за детскиот раст и развој.

Знаеме дека денеска, преокупациите на младите и на децата, па дури и на децата од предучилишната возраст се насочени кон оптичкиот свет. Изразената моќ на медиумите врз развојот на визуелните способности и интересите за светот на знаците и симболите може да биде само поткрепа на поставката на Виготски, според кого описменувањето претставува развојна појава чии зачетоци се наоѓаат уште во првите години од животот на детето. Значи никаде, во ниту една научна литература од теориски и емпириски карактер, не е посочено дека децата треба и може да учат да читаат и да пишуваат во периодот од шестата година па натаму. Докажано е, и има бројни истражувања кои го потврдуваат тоа дека вештините за читање и пишување можат да се развијат и порано, и дека е корисно за севкупниот когнитивен и посебно за моторичкиот развој, развивањето на ситната мускулатура. Затоа, со овие активности треба да се почне и во пораната детска возраст, односно во раниот предучилишен период.

## 1. Улогата на наставникот за развојот на емоционалната интелигенција (Улога наставника за развој емоционалне интелигенције, Educator's role in emotional intelligence development)

Поаѓајќи од мислата на познатиот француски мислител Жак Лесурн кој вели дека „ниту една друга професија нема долгорочно гледано така важни последици врз иднината на општеството, како наставничката“, денешното образование го гледаме како место каде што улогата на наставникот, освен улогата на родителот, станува можеби пресудна за детето, не само во однос на развојот на когнитивните процеси, туку и за развојот на неговата емоционална интелигенција. Глобалниот и општ контекст во кој денеска растат и се развиваат децата нè зафаќа сите, па така акцентот во образовните системи е ставен на знаењето како обединувачка моќ за развојот на економските системи на глобално ниво. Колку и да е оваа глобална идеја добра, за да се постигне повисоко ниво на знаење и интелектуална моќ, неопходно е, уште од најмали нозе да се негува индивидуалната способност за себеспознавање. Затоа, сметаме дека наставникот, како еден од субјектите во наставниот процес треба да вложи огромни напори за емоционално описменување на децата. Исто така, не треба да се заборави фактот дека напорите на наставникот колку и да се големи нема да бидат толку успешни во својата намера и намена, ако и самиот наставник не поседува емоционална интелигенција и способност за емпатија со своите ученици. Така, емоционалната интелигенција на самата авторка, која со оваа книга себеси се претставила, не само како автор, туку и како подучувач и родител и воспитувач, особено доаѓа до израз со презентирањето на „изјавите“ што ги даваат децата во врска со „цртичките и кружчињата“. Како илустрација ќе го наведам, според мене најилустративниот пример за (наследена) емоционална интелигенција: *Таму, во Авганистан тато пукаше во некои непознати опасности, погодуваше непријатели. Ама јас, со овие букви – ќе погодувам како да правам добри слагалки – со цртички и кружчиња, и состави...Камо да видам? Ауу, ама јас ги знам сите овие букви! Чекај сега на овој начин да ги повежбам...*

Според Гоулман, емоционалната интелигенција ја сочинуваат некогнитивните способности, компетенции и вештини кои влијаат на способноста на индивидуата да се носи со барањата и притисоците на околината. Емоционалната интелигенција делумно се вклучува генетски, но значаен дел се стекнува низ процесот на учењето. Таа претставува состав од повеќе способности – способност за саморазбирање, самоконтрола, самоувереност, способност за емпатија. Емоционалната интелигенција не

е спротивна, туку само комплементарна способност во однос на рационалната интелигенција. Накусо дефинирана, емоционалната интелигенција е способност да се забележат емоциите, да им се пријде и да се предизвикаат, за да му помогнат на процесот на мислењето. Во суштина, емоционалната интелигенција ја опишува способноста за ефикасно одржување на врската меѓу емоциите и мислењето, да се употребат емоциите за да се олесни расудувањето и интелигентно да се расудува за емоциите.

Научните докази скоро непобитно констатираат дека раното детство е најзначајниот период во животот, за интелектуалниот, емоционалниот, социјалниот и моторичкиот развој на детето. Знаеме дека развојот претставува процес на промени чии резултати се зголемени и зајакнати вештини за движење, размислување, чувствување, зборување. Овие очекувани промени можат да се случат само, и само ако се почитуваат индивидуалните карактеристики на детето, ако се следат неговите внатрешни сили и неговиот природен развој. Оттука всушност произлегува и значењето на процесите низ кои и возрасните ги создаваат условите за тој развој. Современите образовни и воспитни теории и практики, го промовираат таканаречениот холистички пристап кон поттикнување на раното учење и развојот кај децата до 6 годишна возраст, а како најзначајни фактори кои ги детерминираат условите за учење докажано се посочени родителите и наставниците. Нивна обврска е пред сè да креираат услови за учење и творење, секако по пат на игра, поведувајќи ги децата во истражувачко откривачките активности и решавање на различни проблемски ситуации.

## 2. ***Букварчето на Емилина*** **– средство за когнитивно и емоционално описменување (*****Емилино Букварче*** **– средство за когнитивно и емоционално описмењавање,** ***Emilina's ABC Book*** **– a literacy device for cognitive and emotional learning)**

„Букварчето на Емилина" носи во себе огромна емоционална интелигенција. Клод Стајнер, познатиот автор и истражувач на детската психа, има напишано две капитални дела, *Емоционална писменост* и *Емоционална интелигенција, интелигенција со срце*. Емоционалната писменост е целата преточена во „Букварчето на Емилина". Тоа претставува синтетизиран сублимат од 31 текст, за секоја буква од македонската азбука поодделно. Во него експлицитно е изразена грижата и одговорноста на авторката за најмладите. Клод Стајнер, кој во првите ставови ја спомнува и интелигенцијата мерлива со IQ, посебно го издвојува и истакнува коефициентот на емоционалната интелигенција. Природниот коефициент на интелигенција го имаме со раѓањето, меѓутоа емоционалната интелигенција и емоционалната писменост се создава. Оваа книга ќе помогне многу во тоа да се создаде таа емоционална интелигенција, односно децата да се описменат, а при тоа и да се запознаат меѓу себе. Тие се запознаат и преку своите различни имиња содржани во букварчето, затоа што името е човекот. Запознавајќи ги другарчињата со различни имиња и со различна етничка припадност, ние создаваме една универзална емоционална интелигенција. На тој начин ќе ги учиме децата да се приближуваат едно до друго и да ги надминуваат разликите, односно разликите да им бидат предизвик за заедничко градење на сопствената иднина. Овој буквар е и вежбанка и сликовница. Осмислено како серија од почетни инструкции и лекции за пишување и читање, *Букварчето* мошне јасно дава насоки за силно инструкциско делување за сите оние кои ќе одлучат да ги учат или подучуваат децата на вештините за читање и пишување. Всушност, слободно може да се каже дека „Букварчето на Емилина" овозможува лесно учење преку вклучување и развој на перцептивните способности на децата, нивните претстави, па сè до формирање на поимите за буква и глас и совладување на техниката за пишување. На еден мошне дискретен начин, авторката ги инструира и родителите и воспитувачите, како да ги воведат децата во светот на буквите - спонтано и избалансирано, соединувајќи го когнитивното и моторичкото.

Текстовите во „Букварчето на Емилина" нудат можност за развој на креативните и критичките способности на децата, како и за развој на многу мисловни операции, како што се: учење по пат на аналогија, потоа меморирање и низ меморирањето – развивање на аналитичкото мислење, развивање на способностите за компарација. Тие операции се во исто време инспиративни и податливи и за образовно и за воспитно делување. Она што е особено важно за оваа книга е фактот дека таа ниту е чисто дидактичко помагало, ниту е белетристика, ниту пак сликовница, туку е сето тоа заедно, а оваа констатација пак води кон заклучокот дека токму книгите со ваква структура и формат можат да

послужат за реализација на програмите за емоционално описменување на децата од најмала возраст, како дел од вообичаените предмети, предвидени со наставните програми во училиштата, особено како дел од предметот македонски јазик, каде што посебно се обрнува внимание на темата од програмските содржини: Читање и пишување. Во денешно време, кога наставните програми се преоптоварени со бројни нови теми и предмети, некои наставници, сосема разбирливо се чувствуваат преоптоварени и затоа се спротивставуваат на дополнително одземено време со воведувањето уште еден нов предмет. Така кај емоционалното образование сè повеќе се применува пристап со кој не настанува нов предмет, туку предавањата за чувствата и врските се вклопуваат во теми кои се врзани со наставната програма. Емоционалните лекции може да се вклопат природно во читање и пишување, запознавање со природата и општеството, како и некои други вообичаени предмети. Како самиот себе да се мотивира за учење и како да се контролира нагонот за да може ученикот да учи?

## 3. Заклучок (Закључак, Conclusion)

Следејќи ги искуствата на американските психолози, педагози, едукатори и училишта во кои веќе од почетокот на деведесеттите години на минатиот век се применуваат концептите за емоционално описменување и градење на емоционална интелигенција* (Поимот *емоционална интелигенција* го обработил Даниел Гоулман во својата книга „Емоционална интелигенција“, објавена 1994 година.) свесни сме дека не само кај нас туку и во светот, гледајќи го од аспект на глобалните процеси треба повеќе да се позанимаваме со потребата за воведување на програми за емоционална писменост. Но и покрај огромниот интерес на некои педагози за емоционално описменување, ваквите програми за сега се реткост, дури и во оние земји како Америка, каде што, како што рековме истражувањата на психологијата на детето сврзани со емоционалната интелигенција (EQ) постојат и тестови за мерење на оваа интелигенција. Најдобрите примери се далеку од стандардните образовни текови, затоа што се применуваат во неколку приватни училишта и стотина државни институции во Америка. Секако, ниедна програма, па така ни оваа не нуди одговори на сите проблеми. Но со оглед на кризите со кои се соочуваме и ние и нашите деца, а од друга страна со количината на надежта што ни ја нудат основните постулати на емоционалното образование/описменување, мораме да се запрашаме: дали не треба да го поучуваме на најтемелните способности секое дете – сега, повеќе од секогаш порано? Ако не сега, кога?!

## ЛИТЕРАТУРА (Литература, Literature)

1. Л. Виготски, Психологија уметности, Београд, Нолит, 1975.
2. D. Goleman, Emotional Intelligence, (Copyright 1995 by Daniel Goleman), *Preveo s engleskoga* D. Biličić, Zagreb Mozaik knjiga, 1997.
3. В. Димова, Естетиката на комуникацијата и литературата за деца, Скопје, Македонска реч, 2012.
4. М. Е. Кукубајска, Букварчето на Емилина, Штип, ЕМАРИ, 2015.
5. Ž. Pijaže, B. Inhelder, Psihologija deteta, prev. T. Ilić, Novi Sad, Dobra vest (Biblioteka *Elementi*), 1990.
6. William Bennett, The Children’s Book of Virtues, Simon & Schuster, 1995.